Стратешки приоритети на ВМРО-ДПМНЕ се: Зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и поквалитетен живот; интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО; бескомпромисна борба против корупцијата и криминалот и ефикасно спроведување на правото; одржување на добри меѓуетнички односи врз принципите на меѓусебна толеранција и почитување и подеднаков третман на сите пред законот; инвестирање во образование, иновации и информатичка технологија, како клучни елементи за креирање на општество базирано на знаење.

Во следниот период ќе работиме уште поинтензивно и уште попосветено на остварувањето на овие стратешки определби.
За таа цел, а заради потребите на Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ се објавува:

# ОГЛАС

## за пројавување на интерес на кандидати за професионален ангажман како:

1. **Аналитичари (политички, социолошки и економски),** кандидатите треба да поседуваат:

- Диплома за завршено високо образование, но може да конкурираат и студенти, без ограничувања околу областа на студии (во план е ангажман и на две лица со завршено средно образование во учебната 2016/17 година, како и студенти кои би придонесувале во работењето на центарот за комуникации со скратено работно време)
- Одлично познавање на англискиот јазик, германскиот, францускиот или некој од јазиците што се говорат во регионот ќе се смета за предност
- Ќе се вреднува и секое поголемо искуство при изработка на анализи и истражувања во областа на политиката и економијата.
- Новинарско искуство и работење во медиумите исто така ќе биде дополнително вреднувано при оценувањето на кандидатите. Особено ќе се вреднува искуството на политички теми, образование, здравство, социјална политика, земјоделие и економија.
- Одлични вештини на пишување и комуникација, сеопфатни познавања на тековните случувања во земјата и странство, искуство со статистички и квалитативни анализи, високи аналитички способности како и способност за критичко размислување.
- Работното искуство или дополнителното образование во областа, исто така ќе се земе како предност.

2. **Видео монтажаери и Графички дизајнери, кандидатите треба да поседуваат:**

- Диплома за завршено високо образование или студенти, без ограничувања околу областа на студии
- Одлично познавање на англискиот јазик, познавање на останати јазици ќе се сметаат за предност
- Креативност, одлични комуникациски вештини, способност за лесно идентификување на поставените барањата за дизајн, високи знаења за користење на алатки за графички дизајн, (пр. Adobe Photoshop, Illustrator, InDesign, After Effects, Corel Draw и слични). **Искуство во областа ќе се смета за предност.**

**Какви личности бараме:**

- Посветени на работата, амбициозни, упорни и темелни
- Личности со висок личен интегритет
- Високо мотивирани и со поддршка на политиките на партијата.

**Кандидатите кои ќе пројават интерес, пожелно е да се членови на ВМРО-ДПМНЕ или да се поддржувачи на нашите политики и стратешки определби.**
**Кандидатите треба да ја доставаат следната документација:**

- **кратка биографија**
- **мотивационо писмо (ова е одлична можност да покажете зошто токму вие сте вистинскиот кандидат)**

**Огласот трае до 27.08.2017 година. Биографијата и мотивационото писмо треба да се испратат по електронски пат на:** konkursi@vmro-dpmne.org.mk

Сите кандидати имаат подеднакви шанси да бидат избрани, зависно од нивното знаење, личните квалитети и капацитети, искуството, успеси во минатото, покажаната креативност, мотивираност и визијата за иднината. Селектираните кандидати ќе бидат повикани на интервју и тестирање. Најдобрите кандидати и тие кои ќе покажат највисоко ниво на работен ангажман, може да добијат прилика да вршат раководни функции во различните сектори на Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ.

Секој пријавен кандидат ќе биде третиран со строга дискреција со цел заштита на кандидатите кои нема да бидат избрани.

Лице за контакт: **Надица Андреева тел +38978509774** e-mail адреса: nadicaa@vmro-dpmne.org.mk

**Со почит, ВМРО-ДПМНЕ**